Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 269//0306
27.12 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12.12.2024 година, врз основа на примена жалба од Данела Арсовска, Градоначалничка на Град Скопје ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Почна реконструкција на салата „Расадник“, Владата на ВМРО-ДПМНЕ во 2002 ја даде на фирмата „Империал Данела“ и ја уништи“,** објавен на онлајн медиумот СДК.мк (sdk.mk), на 29.11.2024 не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Градоначалничката Данела Арсовска, на 29.11.2024 г. до СЕММ упати жалба за текстот со наслов „Почна реконструкција на салата „Расадник“, Владата на ВМРО-ДПМНЕ во 2002 ја даде на фирмата „Империал Данела“ и ја уништи“, при што тврди дека има манипулација и невистини и дека отстапува од етичките стандарди при известувањето.

Поконкретно, жалителката тврди дека во насловот и текстот има манипулативни, невистинити и тендециозни елементи, „особено што Данела Арсовска повеќе од 10 години не е содружник во правното лице, ниту постои правен субјект со таков назив“.

Притоа, жалителката наведува дека медиумот не побарал втора страна, т.е. не ја побарал актуелната градоначалничка, со што сторил прекршок на членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Жалителката, преку адвокатска канцеларија, во жалбата наведува документи и линкови од објавениот текст, како и содржината на текстот во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот).

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Почна реконструкција на салата „Расадник“, Владата на ВМРО-ДПМНЕ во 2002 ја даде на фирмата „Империал Данела“ и ја уништи“, објавен на онлајн медиумот СДК.мк (sdk.mk), на 29.11.2024 не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден од членовите на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за вест-извештај од дневен настан, почнување на реконструкција на спортската сала „Расадник“ во Општина Кисела Вода. Медиумот известува за тој настан, го цитира и министерот за млади и спорт и градоначалникот на Кисела Вода кои присуствувале на настанот, а потоа го збогатува извештајот со детали за случајот со спортската сала „Расадник“.

Во бекграундот на веста/извештај, медиумот потсетува на фактите околу случајот, во линк го става и сопствениот текст за овој случај од минатата година и наведува исклучиво факти, односно пишува за детали од договорот за концесија од 2002 година и од анексот на тој договор, документи кои медиумот наведува дека ги поседува.

Медиумот во ниту еден момент од текстот не навел дека актуелната градоначалничка Данела Арсовска е сé уште содружник во фирмата „Империал Данела“, ниту пак тврди дека токму Арсовска била сопственик или управител на фирмата кога прв пат е потпишан договорот за концесија на салата во 2002 година. Медиумот, наместо тоа, само потсетува на тврдењата од политичката партија СДСМ од локалните избори во 2021 година и само во тој контекст ја споменува Данела Арсовска. Притоа, потсетува дека тогаш Арсовска се заканувала со тужби, а денеска како актуелна градоначалничка вообичаено не одговора на прашања што не ѝ одговараат.

Комисијата потсетува дека затвореноста на институциите или на избраните и именуваните лица – нешто на што се жалат поголем број медиуми во јавноста кога станува збор за градоначалничката или за Град Скопје, може да доведе до нецелосно информирање на јавноста за важни прашања од јавен интерес.

Но, во овој случај не станува збор за такво нешто, затоа што медиумот пристапил кон информирање за дневен настан со потсетување за целиот случај, само врз основа на факти. Според тоа, медиумот можел, но не морал да бара изјава од градоначалничката Арсовска, па од тука, ниту текстот, ниту насловот се тенденциозни и манипулативни. Комисијата не утврди прекршување на ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Снежана Трпевска, Жана Божиновска Тамара Чаусидис и Зериета Јајага. На состанокот беше отсутен Димитар Мицев.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595